Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014 и 20/2015) и член 6 од Правилник за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 26 февруари 2015 година донесе

Одлука
за дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2015 година

**Член 1**

Во Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2015 година (број 02-117/6 од 05 јануари 2015 година) во членот 1 во табелата се додава следната табела:

| **Р.бр.** | **Шифра** | **Аптека Назив** | **Подрачна служба** | **Месечен износ** |
|---|---|---|---|---|
| 710 | | ПЗУ АПТЕКА НАТУРА-ЛЕК с.Кравари | БИТОЛА | 83.000 |
| 711 | | ПЗУ АПТЕКА ТРЕНД ФАРМ с.Шемшово, општина Јегуновце | ТЕТОВО | 83.000 |
| 712 | | ПЗУ АПТЕКА МИКРО ФАРМ с.Дебреше | ГОСТИВАР | 83.000 |
| 713 | | ПЗУ АПТЕКА КИАНА с.Ваташа | КАВАДАРЦИ | 83.000 |
| 714 | | ПЗУ АПТЕКА БЕГУ ФАРМ с.Цепчиште | ТЕТОВО | 83.000 |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 март 2015 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Заменик на претседателот,**
**Елена Трпковска**